МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО 2000 ГОДИНА

# Атрактивни проекти и догодина

На „Враќање кон музејот„ како проект што подразбира враќање на Музејот на современа уметност кон базичните обврски, веќе неколку години интензивно се работи. За следната година најголем приоритет Музејот дава на комплетно санирање на инфраструктурните проблеми и на правилното балансирање на програмската концепција.

На почетокот на следната година, Музејот, конечно, ќе ја отвори долгоочекуваната постојана национална постановка и ќе изложи дела од својата колекција, чија вредност јавноста малку ја има подзаборавено. Паралелно со постановката ќе се подготви и каталог, кој на Музејот му недостига повеќе од десет години. Каталогот ќе биде дистрибуиран во сите светски културни институции од овој тип. Средствата за овој голем потфат му се веќе исплатени на Музејот.



**Од монографската изложба на Ордан Петлевски, една од највпечатливите годинава**

Својата Интернет страницата МСУ веќе ја реализира во соработка со Центарот за современи уметности и германскиот проект Ван Гог ТВ во рамки на проектот „Виртуелни музеи“.

И за следната година МСУ подготвува големи тематски поставовки - изложба на покојниот македонскиот сликар Ристо Калчевски и една тематска изложба, која ќе го третира сликарството во Македонија во овој век, а го носи насловот „Сликарството како менлива категорија„.

Изложбата на двајцата познати и актуелни германски скулптори Улрих Рукрим и Алф Лехнер се подготвува за јануари, при што македонската јавност ќе има можност да го види целиот процес на нивното создавање дела, од цртежи до финалниот продукт - скулптурата.

Изложбата на фотографии на режисерот Милчо Манчевски и изложбата на слики на Јован Шумковски, Музејот на современа уметност ги праќа за Стокхолм во еден од изложбените салони на овој град.

Во рамки на добрата меѓународна културна соработка со Јапонија, постановката „Зрачења„ која ја сочинуваат инсталации на девет македонски автори од помладата генерација уметници, досега изложувана во Берлин, Белград и Скопје, заминува за Токио. Јапонската фондација за култура со одушевување ја прифати и ја поддржа оваа изложба, а за возврат, во 2001 година во Музејот на современа уметност ќе биде отворена јапонска изложба.

Во текот на следната година, Музејот подготвува уште неколку атрактивни меѓународни изложби што несомнено ќе ја збогатат понудата за македонската ликовна публика.

Ивана **ТАСЕВ**

Македонија денес 11/12. XII 1999